СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ЉУПЧО ПАУНКОСКИ

за Дебрца



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



„ОПШТИНА ДЕБРЦА ДА ОСТАНЕ ДОВОЛНО АТРАКТИВЕН ИЗБОР ЗА ДА БИДЕ ДОМ НА СИТЕ НЕЈЗИНИ МЛАДИ ЛУЃЕ!“

**Почитувани сограѓани,**

Ви се обраќам со сета должна почит и уважување, во пресрет на локалните избори, 2025 година, во Дебрца. Моето име е Љупчо Паункоски од село Орвник. Зад мене стои четиригодишно искуство како советник во Дебрца, но и високо познавање на профилот на луѓе што живеат во оваа општина, како и типот на секојдневните проблеми со кои се соочуваме сите ние. Роден сум, израснат и функционирам со моето семејство во моето родно место, а тука би сакал и да остарам. Верувам дека моите предиспозиции ќе придонесат за коректно и професионално извршување на позицијата градоначалник. Поседувам одлични менаџерски способности, а во постојаниот контакт со населението низ текот на годините сум ја докажал својата посветеност и лојалност. Чест ми е што долги години сум член на СДСМ, партија и идеологија во која силно верувам и врз чии основи ги засновам и сопствените социјалдемократски вредности.

Мојата мисија за овој мандат е правично и неселективно распоредување на ресурсите на општината, ефективност и ефикасност, помалку партиски популизам, а многу повеќе конкретни мерки и проекти во корист на граѓаните.

Општина Дебрца е рурална општина во развој, територијално една од најголемите во државата, но воедно и една од најретко населените места по квадратен километар, што ја прави дополнително комплексна за работа. Токму затоа е потребен човек што микроскопски ја познава нејзината проблематика и човек што ќе се заложи за минимизирање на миграцијата на младите луѓе од село во град.

Мојата крајна цел е Општина Дебрца да остане доволно атрактивен избор за да биде дом на сите нејзини млади луѓе!

Со почит и благодарност,

**Љупчо Паункоски**

Кандидат за градоначалник на Општина Дебрца

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Дебрца

1. Даниел Тороманоски, 1988 г. земјоделец
2. Горан Мајстороски, 1987 г.
3. Маринела Аризановиќ, 1987 г., Економски факултет
4. Благоја Петрески, 1990 г., средно економско образование
5. Јовче Десаноски, 1979 г., машински техничар
6. Ирена Трифуноски, 1984 г, економска насока
7. Горан Угриноски, 1982 г. машински техничар
8. Елена Анеска, 1994 година, економски техничар
9. Силвана Тодороска, 1999 г. угостителски техничар

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- Максимално искористување на одличната местоположба, добро развиената инфраструктура, покриеност на целата територија со електрична енергија, водовод, системи за одведување отпадни води, близина на Општина Охрид и аеродромот, во насока на индустриски развој.
- Поддршка на иницијативите од приватниот сектор за развој на мали и средни индустриски капацитети и отворање нови работни места.
- Основање локален економски совет .
- Обезбедување поволни услови за инвеститори.
- Донесување програма за општокорисна работа што ќе ги опфати лицата што се без работа подолг временски период.

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Особено внимание ќе биде посветено на земјоделските гранки што се негуваат во ова подрачје затоа што се извор на егзистенција на огромен број фамилии. Преку поддршка на индивидуалните земјоделци, но и присутните иницијативи за здружено земјоделско производство ќе обезбедуваме максимално обработување на земјиштето.

- Одржување редовни обуки за земјоделци за запознавање со најновите текови и финансиски можности што ги нудат државата и меѓународните фондови.
- Помош и поддршка за полесен пласман на производите што се препознатливи за нашата општина.
- Поддршка за земјоделците и субвенционирање при посета на саеми за земјоделство во нашите соседни држави.

## ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Еден од основните проблеми со кои се соочува населението на Горна и Долна Дебрца е немањето амбуланта каде што можат да се добијат основните здравствени услуги и добра,  односно тие се принудени да гравитираат кон градот со што се изложуваат на дополнителен трошок.

- Финансиска поддршка за здравствениот дом во с. Белчишта да стане модерна здравствена установа што ќе може да ги опслужи жителите што гравитираат во овој дел на општината

- Еднократна парична помош за секое новороденче
- Обезбедување дрва за огрев за социјално загрозените семејства
- Обезбедување еднократна парична помош за ризичните групи, како што се деца без родители, самохрани родители...
- Надоместоци за штети од елементарни непогоди
- Обезбедување олеснет пристап кон јавните установи за лицата со посебни потреби
- Барање за согласност за детска градинка во с. Мешеишта во веќе изграден и приспособен објект за оваа намена

## ТУРИЗАМ

- Изработка на Стратегија за развој на туризмот во Општина Дебрца 2025 - 2029
- Развој на планински туризам преку маркирање и трасирање патеки за пешачење и реставрација на планинарски домови
- Изградба на пристапни патишта до повеќе културно историски локалитети
- Инфраструктурно уредување на велосипедски патеки
- Ревитализација на етнографско наследство во функција на развој на туризмот
- Промоција на придобивките од рурален туризам
- Организирање програми и обуки за локалното население за збогатување на нивното знаење и вештини во насока на промоција на културното наследство и руралниот туризам

## КОМУНАЛНА СФЕРА И ЕКОЛОГИЈА

- Решавање на проблемот со водоснабдување во населените места Белчишта и Лешани  преку истражување и пронаоѓање нов бунар за вода со поголема издашност
- Изградба на систем за одведување на отпадни води за населените места Лешани, Велмеј, Ботун и Требеништа
- Подобрување на водоснабдувањето во селата Годивје, Врбјани и Лактиње
- Партерно уредување на главните улици во поголемите населени места

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- Јакнење на капацитетите на Јавното претпријатие за комунални дејности преку финансиска помош од општината
- Поставување хоризонтална и вертикална сигнализација
- Поставување фотоволтаици на постојните потопни пумпи
- Промовирање и мотивирање за искористување на обновливи извори за енергија
- Унапредување на јавниот превоз
- Расчистување на сите диви депонии
- Воведување систем за селекција на отпад

## УРБАНИЗАМ

Со законот од 2012 година, сите урбанистички акти за селата се вон сила, па затоа ќе се работи на изработка на урбанистички планови за населените места во Дебрца со што ќе се воспостави ред во селските средини.

## БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА

- Ставање во служба на полициската станица во с. Мешеишта

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ

- Транспарентност, отчетност и одговорност - принципи за работа на сите органи на општината
- Воведување електронска општина - достапност на сите услуги по електронски пат
- Ставање во функција на старата општинска зграда во с. Мешеишта за доближување на услугите на општината на населението од долниот дел од општината
- Увид на јавноста во работата на Советот преку јавни онлајн седници
- Стручна и ефикасна администрација и нејзина реорганизација

## СПОРТ И СПОРТСКИ РАЗВОЈ

- Организирање и збогатување на спортско-рекреативниот живот во општината
- Поддршка за постојните фудбалски клубови



- Поддршка за развој на повеќе спортски дисциплини
- Финансиска поддршка на училишни спортски манифестации
- Финансиска поддршка на талентирани спортисти поединци
- Реновирање на спортски игралишта и објекти

## ОБРАЗОВАНИЕ

- Тековно одржување на постојната училишна мрежа
- Инвестирање во нова опрема и материјал за наставните содржини
- Материјална-финансиска помош на училиштата од домашни и странски инвестиции
- Стипендии за талентирани ученици
- Модернизација на системот за греење во двете централни училишта

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на канализациска мрежа во село Требеништа

**Влијание на проектот:**

Подобрување на животот на населението

**Целна група:**

Сите жители

**Рок на реализација**

2027

**Буџет**

35.000.000 денари

## Реконструкција на главната улица во с. Мешеишта

Со изградба на тротоари, нов асфалт, улично осветлување и поставување сигнализација

**Влијание на проектот:**

Подобро движење на населението и околните места

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2028

## Реконструкција на Домот за култура во село Оровник



Целосна реконструкција на ентериерот и екстериерот на домот на културата. Со тоа, жителите на с. Оровник ќе добијат современ простор за реализација на културните активности.

**Влијание на проектот:**

Подобрување на културата и спортските активности

**Целна група:**

Сите жители на с. Оровник

**Рок на реализација**

2028

# ПРОЕКТИ

## Партерно уредување на сретселото во с. Горенци

Со проектот е планирано проширување на постојниот простор, поставување бехатон-плочки, клупи за седење, како и осветлување со штедливи лед светилки.

**Целна група:**

Сите жители

**Рок на реализација**

2026

## Подобрување на водоводниот систем во село Лешани

Реконструкција на целиот систем, правење бунари со пумпна станица за дополнување на капацитетот на вода.

**Влијание на проектот:**

Подобрување на целиот систем

**Целна група:**

Сите жители

**Рок на реализација**

2026

## Реконструкција на селскиот полигон во село Велмеј

Поставување нов асфалт, трибини и осветлување

**Влијание на проектот:**

Овозможување на нов и современ простор за реализација на спортските активности на жителите на Велмеј.

**Целна група:**

Сите жители

**Рок на реализација**

2027

## Реконструкција на спортското игралиште за мал фудбал во село Ботун

Поставување нова подлога, нова опрема и ново осветлување.

**Влијание на проектот:**

Спортска и културна активност

**Целна група:**

Сите жители

**Рок на реализација**

2027

## Уредување на речното корито во село Злести

Уредување на речното корито со партерни содржини и изградба на мост за полесно движење на населението.

**Целна група:**

Сите жители

**Рок на реализација**

2028

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**Горна Дебрца**

- Уредување на пристапните улици до сите села
- Уредување на сите селски игралишта
- Подобрување и организација за подигање на отпадот
- Активност на терен, служби во општината
- Помош на сите стари и изнемоштени лица

**Белчишта**

- Уредување на речното корито

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Дебрца

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА